**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 јули 2020 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: јуни 2020 година

- **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, во јуни 2020 година, оствари месечно зголемување од 1,4%, најмногу како резултат на растот на депозитните пари (учество во растот од 91,7%), при помал, но позитивен придонес и на краткорочните депозити, во услови на пад на долгорочните депозити до две години и на готовите пари во оптек. Годишниот раст изнесува 9,7% и главно произлегува од зголемувањето на депозитните пари, краткорочните депозити и готовите пари во оптек, при евидентиран пад кај долгорочните депозити до две години.

- Овој месец, **вкупните депозити[3]**, се зголемија за 1,4%, на месечно ниво, што се должи на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со малку поизразено учество на корпоративниот сектор. На годишна основа, вкупните депозити бележат пораст од 8,4%, под влијание на зголемувањето на депозитите кај двата сектора, со поголемо учество на депозитите на секторот „домаќинства“.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 5.2020 | 6.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 5.2020 | 6.2020 | 5.2020 | 6.2020 |
| **Парична маса М4** | **418,499** | **427,071** | **438,662** | **455,411** | **463,497** | **468,912** | **11.7** | **10.5** | **10.8** | **9.3** | **9.4** | **9.8** | **1.1** | **1.2** |
| **Парична маса М3** | **372,833** | **379,982** | **388,869** | **404,028** | **411,304** | **416,935** | **10.4** | **9.2** | **9.9** | **8.2** | **9.1** | **9.7** | **1.2** | **1.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 31,236 | 32,554 | 33,368 | 36,108 | 41,476 | 41,125 | 9.0 | 9.7 | 8.8 | 12.0 | 28.8 | 26.3 | 2.1 | -0.8 |
| **Вкупни депозити** | **377,800** | **386,461** | **394,472** | **410,794** | **413,205** | **418,916** | **11.1** | **10.5** | **10.1** | **9.5** | **7.8** | **8.4** | **1.0** | **1.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 96,147 | 99,456 | 104,178 | 111,948 | 107,828 | 110,550 | 12.1 | 10.1 | 11.1 | 14.6 | 9.8 | 11.2 | 1.9 | 2.5 |
| *Во денари* | 66,691 | 71,021 | 75,566 | 81,911 | 74,972 | 77,609 | 11.1 | 13.5 | 11.7 | 17.9 | 7.1 | 9.3 | 1.6 | 3.5 |
| *Во странска валута* | 29,456 | 28,434 | 28,613 | 30,036 | 32,856 | 32,941 | 14.4 | 2.6 | 9.4 | 6.4 | 16.3 | 15.9 | 2.5 | 0.3 |
| Домаќинства | 253,748 | 258,100 | 262,458 | 272,605 | 278,160 | 280,512 | 8.7 | 9.0 | 9.3 | 7.9 | 8.2 | 8.7 | 0.3 | 0.8 |
| *Во денари* | 131,901 | 135,492 | 137,346 | 146,231 | 148,362 | 149,204 | 9.6 | 11.8 | 12.0 | 10.4 | 10.1 | 10.1 | 0.3 | 0.6 |
| *Во странска валута* | 121,847 | 122,609 | 125,113 | 126,374 | 129,799 | 131,309 | 7.7 | 6.0 | 6.4 | 5.2 | 6.1 | 7.1 | 0.4 | 1.2 |
| **Вкупни кредити** | **324,798** | **330,726** | **328,970** | **341,389** | **347,762** | **352,718** | **9.0** | **8.1** | **5.6** | **6.0** | **5.9** | **6.6** | **0.9** | **1.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 164,734 | 165,305 | 159,764 | 167,952 | 170,378 | 172,978 | 8.2 | 6.4 | 1.7 | 1.9 | 3.3 | 4.6 | 1.0 | 1.5 |
| *Во денари* | 103,142 | 103,308 | 99,250 | 103,591 | 104,838 | 106,688 | 10.3 | 8.8 | 3.6 | -0.8 | 1.4 | 3.3 | 1.2 | 1.8 |
| *Во странска валута* | 61,592 | 61,997 | 60,514 | 64,361 | 65,540 | 66,290 | 5.0 | 2.5 | -1.5 | 6.6 | 6.5 | 6.9 | 0.7 | 1.1 |
| Домаќинства | 158,550 | 163,963 | 167,528 | 172,014 | 176,010 | 178,384 | 9.7 | 9.9 | 9.5 | 10.5 | 8.6 | 8.8 | 0.9 | 1.3 |
| *Во денари* | 88,854 | 91,492 | 92,821 | 95,075 | 97,640 | 99,469 | 12.9 | 11.4 | 9.6 | 10.0 | 7.6 | 8.7 | 1.3 | 1.9 |
| *Во странска валута* | 69,697 | 72,471 | 74,706 | 76,939 | 78,370 | 78,916 | 6.0 | 8.0 | 9.3 | 11.0 | 9.9 | 8.9 | 0.4 | 0.7 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.
[4] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

- **Вкупните кредити**, во јуни, забележаа месечен раст од 1,4%, којшто произлегува од зголеменото кредитирање на двата сектора, со малку поизразено учество на корпоративниот сектор. Годишниот кредитен раст изнесува 6,6% и се должи на повисоките кредити на двата сектора, при поголем придонес на секторот „домаќинства". Доколку се земе предвид ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со регулаторните промени[5] според одлуката на Народната банка, кај вкупните кредити во јуни е забележан раст од 7,9%, на годишно ниво.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[6]




Извор: НБРСМ.

---

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.
[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во јуни, вкупните **депозити на корпоративниот сектор**, оствариja раст од 2,5% на месечна основа. Притоа, растот во најголем дел се должи на зголемувањето на депозитните пари, при помал, но позитивен придонес и на краткорочните депозити во странска валута, а во услови на пад на останатите компоненти. Годишната стапка на раст изнесува 11,2% и во поголем дел се објаснува со зголемувањето на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, при пад кај краткорочните и долгорочните депозити во денари.

– **Кредитите на корпоративниот сектор**[7], во јуни годинава, бележат месечен и годишен раст од 1,5% и 4,6%, соодветно. Притоа, најголем придонес кон месечниот раст имаат одобрените кредити во денари, додека годишниот раст произлегува од одобрените кредити во денари и во странска валута, со поголемо учество на кредитите во странска валута. Со исклучување на ефектот од извршените отписи на сомнителните и спорните побарувања, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај корпоративниот сектор во јуни изнесува 6,4%.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[8]




Извор: НБРСМ.

[7] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- **Вкупните депозити на домаќинствата**, во јуни, се зголемија за 0,8% на месечно ниво, главно како резултат на растот на депозитните пари, како и на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, при пад на долгорочните и краткорочните депозити во денари. Анализирано на годишно ниво, депозитите на домаќинствата се зголемени за 8,7%, пред сè поради повисоките депозитни пари, како и краткорочните депозити во странска валута.

- Во јуни, вкупните **кредити на домаќинствата** забележаа месечен раст од 1,3%, којшто во најголем дел произлегува од денарските кредити. Годишниот раст изнесува 8,8% и се должи на зголемените кредити во денари и странска валута, при поголем придонес на кредитите во денари. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во јуни изнесува 9,6%.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 5.2020 | 6.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 5.2020 | 6.2020 | 5.2020 | 6.2020 |
| Потрошувачки кредити | 82,324 | 86,335 | 89,042 | 92,430 | 93,935 | 94,982 | 10.9 | 12.0 | 12.8 | 14.6 | 10.4 | 10.0 | 0.6 | 1.1 |
| Станбени кредити | 46,477 | 47,785 | 49,116 | 51,338 | 53,631 | 54,392 | 13.6 | 12.9 | 11.9 | 12.7 | 13.4 | 13.8 | 0.8 | 1.4 |
| Автомобилски кредити | 319 | 320 | 316 | 316 | 296 | 292 | 0.4 | 4.0 | 4.8 | 1.4 | -8.5 | -8.6 | -2.1 | -1.3 |
| Кредитни картички | 12,113 | 12,007 | 11,956 | 11,928 | 11,480 | 11,508 | -0.4 | -1.5 | -2.3 | -2.6 | -4.8 | -4.2 | 1.3 | 0.2 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,830 | 6,850 | 7,043 | 6,123 | 6,123 | 6,205 | 8.4 | 2.7 | 2.3 | -1.7 | -8.9 | -9.4 | 1.1 | 1.3 |
| Други кредити | 4,252 | 4,217 | 4,194 | 4,118 | 3,954 | 3,946 | -6.2 | -8.2 | -8.2 | -10.6 | -5.8 | -6.4 | -0.5 | -0.2 |

Извор: НБРСМ.

– Во јуни, гледано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките кредити и станбените кредити**, како најзастапени категории, забележаа раст од 1,1% и 1,4%, на месечно ниво, и 10,0% и 13,8%, на годишно ниво, соодветно. **Автомобилските кредити** и натаму бележат месечен и годишен пад од 1,3% и 8,6%, соодветно. Кредитите одобрени на **кредитни картички** и **негативните салда на тековните сметки** на месечно ниво се зголемени за 0,2% и 1,3%, соодветно, додека на годишна основа оствarija пад од 4,2% и 9,4%, соодветно. Кредитите одобрени врз **други основи**, овој месец, бележат месечен и годишен пад од 0,2% и 6,4%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:

http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 август 2020 година (референтен пресек заклучно со јули 2020).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).